**ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ**
**за изборите за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје**

БРОЈ НА ПРЕТСТАВНИЦИ И ТРАЕЊЕ НА МАНДАТ

Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е тело на Факултетот кое брои 9 (девет) членови – претставници на студентите. Еден член е претседателот на Собранието.

Мандатот на членовите и на претседателот на Факултетското студенско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Изборот на членовите и на претседателот на Собранието се одржува секоја година во термин што ќе се утврди со Статутот на Универзитетското студентско собрание.

Мандатот на членовите и на претседателот на Факултетското студентско собрание избрани на изборите спроведени во тековната 2024/2025 учебна година трае една година со право на уште еден избор.

ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ИЗБОРИ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И ПРЕТСЕДАТЕЛ

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот кои се запишани на студии во тековната учебна година во која се вршат изборите, односно кои го запишале зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година.

За претседател на Собранието може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со вториот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

За избрани членови и претседател на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите, односно кандидатот кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

НАЧИН НА ИЗБОР

Членовите и претседателот на Факултетското студенско собрание се избираат на непосредни и тајни избори кои ги спроведува Изборната комисија.

Предлагањето на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание се врши на собирите на студентите на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот.

За кандидат за член на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година.

За кандидат за претседател на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој редовен студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година и кој ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

Кандидат за член на Студентското собрание не може во исто време да биде и кандидат за претседател на Собранието.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА